Поетот и животот

Есен. Ноќ е... Сам низ градот скитам.
Под багреми суво лисје шушка.
Една жена со сина си ита
и в приспивна приказна го гушка.

Таа збори како негде зреат
сочни вишни крај сребрена река...
А јас немам ни куќа ни стреа,
нити некој пред порти ме чека.

На ѕвездите мислев јас да ездам,
сега лутам низ улица стара.
Кај да одам? Кај да свијам гнездо?
И среќата каде да ја барам?

Во животот многу луѓе сретнав,
многу луѓе в лице ми се смешкат:
"Ех, поето, низ облак си летнал,
стварноста е сурова и тешка.

Секој ден е ~~само еден~~ труб и свирež удар,
сам ќе сетиш кога дојде време, –
нема љубов, нема среќа луда,
се'е тоа само сон и стремеж!"

.....

Протекоа многу матни води, –
не сум веќе јас наивно дете,
и песнава денес што се роди
носи белег на бура и метеж.

Ама нека, бури нека метат,
сред нив стојам како карпа сура,
сите мечти в живот ќе ги сплетам,
мојот живот ќе израсне в бура...

Есен, есен... Сам низ ~~нејата~~ ~~градот~~ градот скитам,
~~и во ноќта~~ ~~а во та~~ ~~слутам зора нова~~ но ја слутам утрешната зора
~~но ја слутам утрешната зора.~~
~~Среко моја, во~~ по среко во преврет ~~ти~~ итам,
~~и будува и не чекам~~
~~итам како млад и буен ковач!~~ горам.

Азо Шопов